**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 02-544/9
8.4.2026 година
Скопје

Врз основа на член 178, став (3) и член 179 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и условите од Јавниот оглас за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година, објавен во дневните весници „Слободен печат“ на 24.3.2026 година, „Koxa“ на 24.3.2026 година и на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетската изборна комисија, на 8.4.2026 година ги разгледа пристигнатите документи и донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на ЛИСТА НА КАНДИДАТИ за ректор**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**за мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година**

**Член 1**

Се утврдува следната Листа на кандидати за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година:

(*по азбучен ред на презимето на кандидатот*)

1. **Ангелова д-р Биљана,** редовен професор на Економскиот институт во Скопје;
2. **Данев д-р Дарко,** редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

**Член 2**

Во утврдениот рок од Јавниот оглас документација доставија вкупно 2 (два) кандидати.

Сите кандидати од член 1 на ова Решение имаат поднесено комплетна документација со која се докажува дека ги исполнуваат условите од Јавниот оглас за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2026 до 15 септември 2029 година.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето.

Dimitar Gelev

Digitally signed by Dimitar Gelev
Date: 2026.04.08 13:02:43 +02'00'

**Универзитетска изборна комисија**
**Претседател**
**Проф. д-р Димитар Гелев**

***Правна поука: Незадоволните кандидати може да поднесат приговор до УИК** во електронска форма на е-адресата:* uik@ukim.edu.mk и во архивата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во рок од 3 (три) работни дена сметано од денот на приемот.

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk